Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
ОПШТИНА КУМАНОВО - KOMUNA E KUMANOVËS
Бр.-Nr. 04-9784/1
12.12. 20 23

Синдикат на работниците од управата, правосудните органи и здруженијата на граѓани на Република Македонија - УПОЗ
Бр. 01 01-439/5
14.12. 20 23 год
СКОПЈЕ

Врз основа на член 3 и член 24 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" број 27/2014, 199/2014, 27/2016, 35/2018 и 198/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 143/2019 и 14/2020 ), член 4 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија", број 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 80/2016, 127/2016, 142/2016, 2/2017, 16/2017 и 11/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 275/2019, 14/2020 и 215/21 и 99/22), член 203 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија" број 62/2005, 3/2006, 44/2006, 66/2006, 16/2007, 57/2007, 77/2007, 106/2008, 161/2008, 63/2009, 114/2009, 130/2009, 149/2009, 10/2010, 16/2010, 50/2010, 52/2010, 58/2010, 124/2010, 132/2010, 158/2010, 47/2011, 11/2012, 39/2012, 52/2012, 13/2013, 25/2013, 54/2013, 170/2013, 187/2013, 34/2014, 106/2014, 113/2014, 145/2014, 20/2015, 33/2015, 72/2015, 74/2015, 129/2015, 167/2015, 27/2016, 134/2016 и 120/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 110/2019, 267/20, 151/21 и 288/21 и 111/23), а во врска со член 61 став 3 и став 4 од Колективен договор за вработените во Општина Куманово бр 04-6857/1 од 30.10.2020 („Службен гласник на Општина Куманово" бр. 15/20), Колективен договор за изменување и дополнување на Колективен договор за вработените во Општина Куманово бр.04-7439/1 од 20.09.2022 („Службен гласник на Општина Куманово" бр. 11/22), Колективен договор за изменување и дополнување на Колективен договор за вработените во Општина Куманово бр.04-2746/1 од 22.03.2023 („Службен гласник на Општина Куманово" бр. 05/23) Општина Куманово (претставувана од градоначалникот Максим Димитриевски) од една страна и Синдикатот на работниците од управата, правосудните органи и здруженија на граѓани на Р.С. Македонија (претставуван од Претседателот Трпе Дееноски) и Синдикалната организација при Локална самоуправа на Општина Куманово, (претставувана од претседателот на синдикалната организација Дарко Станојковски), од друга страна, склучија:

# КОЛЕКТИВЕН ДОГОВОР
## за изменување и дополнување на Колективен Договор за вработените во Општина Куманово

### Член 1

Во Колективниот договор за вработените во Општина Куманово бр.04-6857/1 од 30.10.2020 („Службен гласник на Општина Куманово" бр. 15/20), Колективен договор за изменување и дополнување на Колективен договор за вработените во Општина Куманово бр.04-7439/1 од 20.09.2022 („Службен гласник на Општина Куманово" бр. 11/22), и Колективен договор за изменување и дополнување на Колективен договор за вработените во Општина Куманово бр.04-2746/1 од 22.03.2023 („Службен гласник на Општина Куманово" бр. 05/23), по членот 25, се додава нов член 25-а и истиот гласи:

„ (1) На вработените во Општина Куманово, заради специфичноста и одговорноста на работните задачи кои ги извршуваат, а се однесуваат на извршувањето на надлежностите на институцијата како најголема единица на локална самоуправа по бројот на населението во Р.С.Македонија, и кои по својата специфика и обем се значително по сложени и поголеми во однос на останатите единици на локална самоуправа, им се зголемува бруто плата за 10%.

(2) Процентот на пораст на плата од ставот (1) на овој член ќе се применува со исплатата на плата за месец Декември 2023 година.

**Член 2**

(1) Колективниот договор и сите негови измени и дополнувања, јавно се објавуваат на огласна табла на работодавачот и на веб страната на потписниците.

(2) Овој колективен договор стапува на сила со денот на склучувањето, а ќе се применува од денот на неговото објавување на огласна табла на работодавачот и на веб страниците на потписниците.

| | | |
|---|---|---|
| **Синдикална организација при Општина Куманово Претседател Дарко Станојковски** | **Синдикат на УПОЗ Претседател Трпе Деаноски** | **Градоначалник на Општина Куманово Максим Димитриевски** |
| ____________ | ____________ | ____________ |